Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Електронски систем за поддршка на уписите во учебната 2012/13 година

www.upisi.ukim.mk

За прв пат во Македонија, целосно електронско запишување на универзитет

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ги известува кандидатите - идни студенти на УКИМ дека од оваа година треба да направат електронска пријава на новиот портал за поддршка на запишувањето - www.upisi.ukim.mk. Електронската пријава се состои од 6 чекори:

- **во чекор 1 ги пополнувате своите лични податоци**
- **во чекор 2 го избирате факултетот на кој сакате да конкурирате и оформувате листа на студиски програми според вашиот приоритет на пожелност**
- **во чекор 3 ги внесувате податоците за претходно завршеното образование**
- **постигнатиот успех во претходното образование го внесувате во чекор 4**
- **во петтиот чекор системот ќе ви даде детален преглед на сите внесени податоци и освоените поени од претходното образование**
- **во шестиот чекор ќе добиете упатства од факултетот битни за запишувањето.**

Вашата електронска пријава е заведена во системот под единствен број кој треба да го внесете во универзитетскиот пријавен лист и заедно со останатите потребни документи да ги поднесете на факултетот на деновите на уписот.

Бидете дел од висскообразовната елита во Македонија.

Привилегија е да станете дел од академската заедница на најдобриот универзитет.

За најдоброрангираните од секој факултет, УКИМ ќе додели вкупно 230 стипендии.

- *доаѓате на порталот www.upisi.ukim.mk*
- *се регистрирате со вашата електронска пошта, име и презиме*
- *добивате е-пошта за потврда на регистрацијата*
- *пополнувате пријава во 4 чекори*
- *ја поднесувате електронската пријава и добивате број на пријавата*
- *на датумите на уписите ги доставувате потребните документи согласно упатствата на факултетот*
- *на интернет порталот за електронска поддршка на запишувањето ја следите постапката на рангирање и финалните списоци за упис*

iKNOW Системот е развиен со поддршка на iKnow проектот во рамките на ТЕМПУС програмата